**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери 2.023.668 (два милиони дваесет и три илјади и шестотини шеесет и осум) обични акции со право на глас гласаа ЗА, против нема, воздржани нема, едногласно ја усвоија следната:--------------------**

**-------------------------------------------------------О Д Л У К А------------------------------------------------------**

**---за усвојување на Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на -----**

**---------------------------------------Шпаркасе Банка АД Скопје за 2023 година---------------------------------------**

1. Со оваа Одлука се усвојуваат Консолидираната Годишната сметка и консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2023 година, според следните биланси:--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-------Биланс на состојба на ден 31.12.2023 година-------------------------------------------------------------

-------Биланс на успех од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.------------------------------------------------------

2. Во Консолидираниот Биланс на состојба искажани се следните билансни состојби:------------------

- Актива 94.343.257.408,00 денари------------
- Пасива и Капитал 94.343.257.408,00 денари------------

3. Во Консолидираниот Биланс на успех за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година се искажани следните состојби:--------------------------------------------------------------------------------------------------

приходи........................................................................ 5.181.554.664,00 денари---------------------
расходи........................................................................ 3.519.544.317,00 денари---------------------
**добивка пред оданочување...........................................1.662.010.347,00 денари------------------------**
данок на добивка........................................................... 147.185.620,00 денари----------------------
**добивка по оданочување...............................................1.514.824.727,00 денари-------------------------**

4. Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.--------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 7.----------------------------------------------------------------------------------------------------------------**
**7./седум/ Годишен Извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2023 година;------------**
**- Мислење на Надзорниот одбор на Банката---------------------------------------------------------------------**
**- Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај и Мислењето на Надзорниот одбор-----------**

Во однос на Годишниот Извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2023 година, Претседавачот ја повика г-ѓа Нина Неданоска - Заменик Претседател на Управниот одбор на Банката, да се обрати до Собранието за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во изминатата 2023 година. Во своето обраќање г-ѓа Нина Неданоска ги поздрави присутните акционери и се осврна на работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје за изминатата 2023 година. Г-ѓа Нина Неданоска ја потенцираше 2023 година како уште една година обележана со предизвици, но и одредени знаци на подобрување на глобалната економија. Таа кажа дека макроекономскиот амбиент сеуште беше под влијание на геополитичките ризици, инфлацијата и високите каматни стапки. Економскиот раст во Р. С. Македонија забави на околу 1%, додека инфлација се сведе на едноцифрена стапка од 3,6% на крајот на 2023 година. Основната каматна стапка продолжи да се зголемува и достигна до нивото од 6,3%, а истовремено макропрудентната политика продолжи со воведување на дополнителни мерки во насока на поттикнување на штедењето во домашната валута. Неданоска истакна дека за Шпаркасе Банка, изминатата 2023 година е уште една успешна година која ја заврши со финансиски резултат од 1,5 милијарди денари и оствари раст од околу 12% на вкупни кредити и околу 11% на вкупни депозити што воедно е повисок од растот забележан на банкарскиот сектор. Остварената нето добивка е резултат на континуираниот раст и реализираните редовни приходи од работењето (камати, провизии и курсни разлики) кои бележат пораст од околу 40%, пониски трошоци за исправка на вредност на финансиските средства за околу 27% и контролиран раст на трошоците под влијание на зголемените цени и направените инвестиции во нови услуги и подобрување на интерните процеси. Индикаторите за профитабилност и ефикасност се исто така подобрени при што РОЕ изнесува 12,8%, а коефициентот на трошоци изнесува 47,7%. Неданоска извести дека во изминатата година Банката ја продолжи успешната соработка со големите компании, а истовремено оствари и поизразен раст во соработката со мали и средни правни лица. Шпаркасе Банка АД Скопје и во изминатата година имаше зголемена активност во делот на проектните финансирања, каде по интеграцијата е апсолутен пазарен лидер обезбедувајќи го овој вид финансирање повеќе од 10 години. Во 2023 година голем фокус беше ставен на обезбедување на квалитетна и атрактивна понуда за физички лица. Шпаркасе Банка продолжи со поддршката на зелените кредити, а пакетите за физички лица беа модифицирани согласно финансиските потреби на клиентите. Во рамките на услугите за штедење, Шпаркасе Банка како банка со 200 години традиција во штедење, со продуктот Депозит Плус на клиентите им овозможува штедење на долг рок во денари или во евра по атрактивни фиксни каматни стапки со цел добар план на заштеда на подолг рок. Неданоска потенцираше дека во третиот квартал од 2023 година, Шпаркасе Банка во соработка со МОН реализираше еден од најголемите проекти за студенти - ко-брендирана картичка за студентски оброк. Со овој проект се овозможи влез од над 30.000 нови млади клиенти, кои се иднината на Шпаркасе Банка. Во 2023 година групацијата Ерсте и Штаермеркише Шпаркасе ја спроведе пошироката регионална кампања „Верувај во иднината". Под универзалната платформа „Верувај во иднината" беа комуницирани сите проекти на Банката (настани, кампањи, корпоративна култура, проекти за општествена одговорност, интерна комуникација), а платформата беше препознатлива со сопствен визуелен идентитет. Преку мотото на Sparkasse Life Платформата #ВЕРУВАЈ ВО ИДНИНАТА, се

обединуваат сите општествено одговорни активности на Банката за поддршка на локалната заедница, за заштита на животната средина, развој на културата, на уметноста, на образованието, на здравството и на спортот. Платформата обезбедува интегрален и системски пристап при исполнување на стратегиските цели на одржливост, градење, јакнење и одржување на репутацијата што Шпаркасе Банка АД Скопје ја ужива како општествено одговорна компанија. Неданоска заклучи дека досегашните остварени резултати се мотив и одговорност Банката да остане цврсто посветена на унапредување на производите и услугите и обезбедување на извонредно корисничко искуство, како и продолжување на општествено одговорните практики кои се високо на листата на утврдените стратегиски цели.------------------------------------------------
Претседавачот се заблагодари за излагањето на г-ѓа Нина Неданоска, Заменик Претседател на Управниот одбор и посака успешна година во тековната 2024 година.-------------------------------------------------------
По однос на предложената точка од дневниот ред Претседавачот ги запраша присутните дали има некој друг да земе збор. За збор се јави акционерот Тихомир Мукаетов кој запраша дали се разговара за дивиденда, кога ќе почне да се дели и дали се разговара за дивидендна политика?------------------------------
На прашањето одговори г-ѓа Нина Неданоска, Заменик Претседател на Управниот одбор на Банката, која истакна дека, како и секоја година на годишното собраниесе пројавува интерес за исплата на дивиденда, и кажа дека се размислува и се разговара на таа тема во рамки на процесот на планирање и буџетирање и при тоа потенцираше дека и мнозинскиот акционер е исто така заинтересиран за исплата на дивиденда, како и секој акционер, дека во тек е процесот на подготовка на годишни планови на Банката, каде би се разгледувала и идна можност за исплата на дивиденда. Г-ѓа Нина Неданоска потенцираше дека Банката е обврзана да ги исполнува и регулаторните стандарди и групациски политики, вклучително и насоките на Европската Централна Банка, што во изминатиот период ги имаа во предвид ковид пандемијата, моменталните настани во Украина и инфлацијата. Таа додаде дека локалниот регулатор постојано ги заострува барањата за капитална адекватност, како за секторот, така и за поединечните системски значајни банки и банките треба да располагаат со потребниот капитал со цел да ги остварат своите стратешки планови. Неданоска кажа дека во следниот период повторно ќе биде отворено прашањето за исплата на дивиденда и се разбира доколку се остварат сите регулаторни и групациски барања, како и стратешки планови на Банката, ќе биде земена во предвид можноста за исплата.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Акционерот Мукаетов запраша што значи зборот вендор? Г-ѓа Нина Неданоска појасни дека вендор е добавувач на средства или услуги, соработник на Банката.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот се заблагодари на излагањата на присутните акционери и посака успешна година во тековната 2024 година.---------------------------------------------------------------------------------------------------
Согласно член 384, став 5 од Законот за трговски друштва, Претседавачот нагласи дека на денешното Собрание се одлучува за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Управниот одбор, со одделно гласање за секој член на одборот. Претседавачот врз основа на поединечното гласање за членовите на Управниот одбор констатираше дека е одбрена работата на г-дин Санел Кустурица за 2023 година, Претседател на УО на Банката, работата на г-ѓа Нина Неданоска-Заменик Претседател на УО за 2023 година и на работата на г-дин Алвин Аличевиќ-Член на УО, за 2023 година.----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Претседавачот ја стави предложената точка на гласање.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери 2.023.668 (два милиони дваесет и три илјади и шестотини шеесет и осум) обични акции со право на глас гласаа ЗА, против нема, воздржани нема, едногласно ја усвоија следната:--------------------**

**---------------------------------------------------------О Д Л У К А---------------------------------------------------------**

**--за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2023 година и ---**

**---------------------------------------------Мислењето на Надзорниот одбор---------------------------------------------**

1. Со оваа Одлука се усвојуваат Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2023 година и Мислењето на Надзорниот одбор кон Годишниот извештај за работењето на Банката во 2023 година. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------

2. Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2023 година и Мислењето на Надзорниот одбор претставуваат прилог и составен дел на оваа Одлука.--------------------------------------------
3. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Точка 8.**--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**8./осум/ Консолидиран Годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2023 година**---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**- Мислење на Надзорниот одбор на Банката**---------------------------------------------------------------------------
**- Предлог одлука за усвојување на Консолидираниот годишен извештај и Мислењето на Надзорниот одбор**-------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејќи никој не се пријави за дискусија Претседавачот ја стави предложената точка на гласање.------------------------------------------------------------------------------------------------------------
ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери **2.023.668 (два милиони дваесет и три илјади и шестотони шеесет и осум)** обични акции со право на глас **гласа ЗА, против нема, воздржани нема, едногласно ја усвоија следната:**--------------------
-------------------------------------------------------------**О Д Л У К А**-------------------------------------------------------
-за усвојување на Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во --
---------------------------------------2023 година и Мислењето на Надзорниот одбор---------------------------------
1. Со оваа Одлука се усвојуваат Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2023 година и Мислењето на Надзорниот одбор кон Консолидираниот годишен извештај за работењето на Банката во 2023 година.-------------------------------------------------------------
2. Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2023 година и Мислењето на Надзорниот одбор претставуваат прилог и составен дел на оваа Одлука.------------------------
3. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.---------------------------------------------------------
**Точка 9.**----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**9. /девет/ Предлог-Одлука за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка АД Скопје од 2023 година;**--------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка.--------------------------
За дискусија се јави Акционерот Благој Митров кој истакна дека Банката има добивка и голем дел се распределува за цели на капитална адекватност и праша дали останува нераспределен дел од добивката и колку е коефицентот на адекатност на капитал, како и за колкав период ќе се овозможи адекватен раст. На прашањето на акционерот одговори г-ѓа Милка Ратаикоска Јолеска, Директор на Дирекцијата за финансии, која истакна дека целиот износ од добивката е распределен во резерви и задржана добивка кои се вклучени во пресметката на сопствени средства за целите на адекватност на капитал. На прашањето на Акционерот Митров дополнително одговор даде г-ѓа Неданоска која истакна дека тенденцијата за построги барања за адекватност на капиталот се очекува да продолжи и оваа година и потенцираше дека и за 2024 година планот на Банката е сличен со цел да се овозможи континуиран раст од околу 10%, при што треба да се земе во предвид и макроекономското опкружување. Г-ѓа Неданоска извести дека нето добивката е вклучена во пресметката на сопствените средства и на крајот на 2023 година, , на што Акционерот Митров праша дали се одржало собрание за задржување на добивката. На прашањето одговри г-ѓа Олгица Спасевска, Генерален Секретар на Банката која истакна дека Надзорниот одбор има донесено одлука за задржување на добивката согласно регулативата на НБРСМ за методологија за адеквтаност на капиталот. Митров при тоа праша колку е минимален процент за адекватност на капитал, а одговор даде г-ѓа Милка Ратаикоска Јолеска која исткна дека на крај на 2023 година изнесуваше 16,25%, а до крајот на годината ќе достигне 17%.-----------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------

Претседавачот запраша дали има некој друг за збор. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија, Претседавачот ја стави предложената точка на гласање.-------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери 2.023.668 (два милиони дваесет и три илјади и шестотини шеесет и осум) обични акции со право на глас гласаа ЗА, против нема, воздржани нема, едногласно ја усвоија следната:--------------------**

--------------------------------------------------------О Д Л У К А----------------------------------------------------

**-за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка АД Скопје, по Годишна ----------------------------------------------------сметка за 2023 година---------------------------------------------------**

1. Шпаркасе Банка АД Скопје, во деловната 2023 година, има остварено нето добивка во износ од **1.462.300.672,00 денари**.-----------------------------------------------------------------------------------------------------

2. Остварената нето добивка во износ од **1.462.300.672,00 денари** се распределува на следниов начин:

- 57.279.215,00 МКД во Задолжителна општа резерва-----------------------------------------------------------
- 1.055.021.457,00 МКД во Задржана нераспределена добивка------------------------------------------------
- 350.000.000,00 МКД во Задржана добивка за инвестициски вложувања. ---------------------------------------

3. Делот од нето добивката што останува како задржана нераспределена добивка нема да биде расположив за исплата на дивиденда на акционери во иднина и нема да биде оптоварен со какви било идни обврски.--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Делот од добивката кој се распоредува во задржана добивка за инвестициски вложувања - реинвестирана добивка, служи за развојни цели односно вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста и нема да биде расположив за исплата на дивиденда на акционери во иднина и нема да биде оптоварен со какви било идни обврски.-----------------------------------------------------------------

4. Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето.-------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 10.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**10./Десет/ Извештај за работата на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2023 година, колективно и од аспект на поединечните членови;----------------------------------------------------**

**- Предлог-Одлука за усвојување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор -----------------------**

Претседавачот пристапи кон последната точка од дневниот ред и напомена дека е потребно да се одобри работата на секој од членовите на Надзорниот одбор поединечно. Во согласност со 384, став 5 од Законот за трговски друштва, Собранието одлучува и за работата на членовите на Надзорниот одбор, со одделно гласање за секој член на одборот. -------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот за секој член на Надозрниот Одбор поеднечно констатираше дека се одобрува работата на Претседателот на Надзорен одбор г-дин Георг Бухер за 2023 година, на Заменик Претседателот на НО, г-ѓа Валбурга Зајдл за 2023 година, на Членот на НО, г-дин Ханс Лудвиг Диксер за 2023 година, на Членот на НО, г-дин Славиша Којиќ за 2023 година, на Членот на НО г-дин Глигор Бишев, на Независниот член на НО, г-дин Горан Петревски за 2023 година, на Независниот член на НО, г-дин Кристијан Поленак заклучно со 21.09.2023 година и на Независниот член на НО, г-ѓа Татјана Шишковска сметано од 13.11.2023 година---------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Претседавачот ја стави предложената точка на гласање.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери 2.023.668 (два милиони дваесет и три илјади и шестотини шеесет и осум) обични акции со право на глас гласаа ЗА, против нема, воздржани нема, едногласно ја усвоија следната:--------------------**

--------------------------------------------------------О Д Л У К А----------------------------------------------------

**за усвојување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје за --- ---------------------------2023 година, колективно и од аспект на поединечни членови-----------------------------**

1. Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2023 година, колективно и од аспект на поединечните членови.------------------------------------------
2. Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2023 година претставува составен дел на оваа Одлука.-------------------------------------------------------------------------
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесува-----------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието на акционери заклучи дека содржините од дневниот ред на 57-мата седница од Собрнието на Акционери се исцрпени и пред да ја затвори седницата се заблагодари на сите за присуството. Претседавачот ја затвори седницата на Собранието во 13:00 часот /тринаесет часот/. ----------
Потврдувам дека овој записник лично го составив и истиот заедно со прилозите го прочитав на Претседавачот на Собранието, кој раководеше со седницата на Собранието па во знак на прифаќање своерачно го потпиша.---------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавач г-ѓа Маја Камчева-Ставрова _______с.р________________________________________________---
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Записникот е составен на 11 /единаесет/ страни на 11 /единаесет/ листа.-----------------------------------------
Потврдувам дека овој Записник претставува компјутерски обработен текст на записникот кој го водев лично на рака, во присуство на акционерите и застапниците/полномошниците на акционерите и останатите присутни лица, по што на учесниците ќе им се даде препис кој ќе го заведат во нивната архива, а врз основа на кој ќе ги остваруваат своите права во евентуални постапки. ---------------------------
Записникот е составен во шест примероци од кои пет се предадени на Шпаркасе Банка АД Скопје, а изворникот се наоѓа во архивата на нотарот.----------------------------------------------------------------------
Нотарската такса за заверка по тарифен број од 27 од Законот за судски такси и член 158 ст.3 од Законот за Нотаријат во износ од 500,00 денари е наплатена. ---------------------------------------------------------------
Нотарска награда е пресметана согласно Нотарската тарифа во износ од 11.000,00 денари согласно член 41 и 42 ст.2 и трошоци во износ од 1650,00 денари согласно член 52 од Нотарската тарифа.-----------------
ОДУ бр.266/2024-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Во Скопје, 28.05.2024 година /ден дваесет и осми, месец Мај, година две илјади и дваесет и четврта/----

**Нотар Весна Дончева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР ВЕСНА ДОНЧЕВА СКОПЈЕ



Јас НОТАР, **ВЕСНА ДОНЧЕВА**

ул. Даме Груев бр. 28 Скопје

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени ____________ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број ОДУ 266/24

Во Скопје, 28.05.2024 година НОТАР,

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ВЕСНА
ДОНЧЕВА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ВЕСНА
ДОНЧЕВА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ВЕСНА
ДОНЧЕВА
СКОПЈЕ